

# Baumit Ratio 1000

## Машински малтер




**Предности**

- **мазна површина**
- **се обработува во еден нанос**
- **за внатрешна примена**

**Производ**

Фабрички подготвен, сув гипсен малтер за машинска апликација, за внатрешна употреба.

**Состав**

Гипс, хидратнан вар, ситен песок, адитиви.

**Својства**

Внатрешен малтер за измазнување на површини со класа и квалитет „Q2-Q3 измазнет, подготвен за нанесување на тенкослојни малтери, за боење со мат структурни бои. Со цел да се достигне класата за квалитет измазнет Q4“, дополнително малтерисување со Баумит ФиноБело, односно со Баумит ФиноГранде - гипсени глет маси

**Аплицирање**

Еднослоен гипсан машински малтер за внатрешна употреба во станбени простории, како и во влажни простории групи за влажност W1, W2, W3). Подготовка на основата за понатамошно поставување плочки според австрискиот стандард ÖNORM B 2207, погоден за ѕидно греење на температура на греење до + 40 ° C.

**Облик на испорака**

Вреќа 30 кг, 45 вреќи на 1 палета = 1350 кг

**Складирање**

Суво, на дрвени палети, во фолија, рок на траење 3 месеци

**Гаранција за квалитет**

Внатрешен надзор преку нашите фабрички лаборатории

**Класификација според Законот за хемиски супстанции**

Деталната класификација по законот за хемикалии можете да ги видите во безбедносниот лист со податоците за сигурност на материјалот (во склад со членот 31 и прилогот II одредба бр. 1907/2006 Европскиот Парламент и совет од 18.12.2006.) кој може да се превземе на страната www.baumit.com или да го побарате во Баумит.

**Подлога**

Основата мора да биде рамна, чиста, сува, не замрзната, без прашина, без маснотии. На него да нема промена на бојата, да има добра носивост, да се отстранат неправилно поврзаните делови. Подготовката на основата може да биде во согласност со барањата на ORNORM B 3346. Горенаведените упатства важат за ѕидање изградено во согласност со регулаторните барања и претставува пред се пополнување на фугите (доколку е потребно, фугите треба да се полнат однапред).

**Обработка**

Баумит Ратио 1000 може да користи во сите машини (пр. PFT, M-Tec, Mai Int. или други слични). Пред нанесување на малтерот, за да се олесни обработката, мора да се постават профили од нерѓосувачки челик на сите рабови и агли за да се заштитат. Со помош на соодветна машина за нанесување машински малтер, Baumit Ratio 1000 се нанесува во форма на гасеница, од горе надолу и со потребната дебелина (минимум 10 мм, максимум 25 мм по работен удар). Се влече со Н мастер, се отсекува со трапезоиден мастер, кратко потоа рамномерно се навлажнува со вода и се филцува со сунѓереста глетаркаи на крај се измазнува со површинска шпакла. По кратко време на сушење, површината се навлажнува и се измазнува уште еднаш со лептир. За да постигнете совршена мазност, последната операција може да се повтори следниот ден. За големи дебелини (на пример при нерамномерност на основата), по стекнување на јачината на првиот слој, прибл. 10-20 минути, во зависност од основата, нанесувањето на следните слоеви , до потребната конечна дебелина, да се изврши “влажно во влажно”.




**Baumit Dooel**
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk

**Напомени и општи информации**

Температурата на воздухот, материјалот и подлогата мора да бидат над + 5 ° C за време на нанесувањето и лепењето. Кога користите радијатори, особено грејачи на гас, мора да се обезбеди добра вентилација. Не е дозволено директно загревање на малтерот.
Во однос на рамноста на малтерот, може да се земе предвид стандардот ÖNORM DIN 18202.
Пред нанесување на секоја следна облога, гипсот Baumit Ratio 1000 мора целосно да се исуши и да да е подготвен правилно, според видот на последователниот премаз.
Кога ја бојадисувате површината со бои, следете ги упатствата од техничкиот лист на користените производи, во нивното најново издание и подгответе примерок на мала површина!

---

Писмените и усните препораки за технологијата на аплицирање дадени од нас за да му помогнат на продавачот/ апликаторот се засновани на нашето искуство и ја рефлектираат моменталната состојба на техниката во науката и практичната примена на знаењето. Сепак, се подразбира дека овие препораки не се обврзувачки. Тие не создаваат никакви правни односи или какви било дополнителни обврски во врска со договорот за продажба. Тие не го ослободуваат купувачот од обврската да ја провери соодветноста на нашите производи за предвидената намена или за сопствена употреба.



**Baumit Dooel**
MK-1000 Skopje, Ul. Jadranska Magistrala 165 - www.baumit.mk - info@baumit.mk